Едукација од областа на офтамологијата за

# 1.Ехографија на око и
# 2.Phaco-метода за операција на Cataracta во Киев, Украина

Др. Илинка Димитрова
спец. офталмолог



Во перодот од 03.02 до 03.03.2013год.бев на обука од обласа на офталмологијата на Очната клиника во Киев Украина. За време на обуката во Украина, во Очната клиника во Киев, бев едуцирана за вршење на ехографија на око и орбита и ми беше презентирана PHACO методата за оперирање на cataracta



Од 08 часот до 13 часот, ме едуцираше асс. Др. Ирина Сергиевна-Свјатла, за ехо на око и тоа А и В scan и ехо на орбита. Во врска со А scan беше мерена аксиалната должина на окото и пресметувана диоптријата за имплантација на интраокуларни леќи.





B scan се користеше за детекција на најразлични заболувања на предниот и задниот сегмент: почнувајќи од големината на заматената леќа, крварења во стаклестотото тело, луксација на природната леќа при трауми, луксација на интраокуларна леќа(вештачка), аблација на задната хијалоидна мембрана, аблација на ретината, пролиферативни промени кај дијабет, страни тела во стаклетото тело или на ретина, тумори на ретина и сл. Ехото на орбитата ни даваше податоци за дебелината на очните мускули кај exophtalmus и дистироидни проптози.






Со PHACO методата не запознаа проф. Др. Кондратенко, асс. Др. Олександар Даниленко, проф. Др. Сергиенко и проф. Др. Олга Миколаевна Черемухина. Во нивните 6 операциони сали, можеа да се следат и операции од детска офталмохирургија, преден сегмент и заден сегмент, витректомии и сл. За нас беше организиран Vet Lab во тренинг центарот на Alcon каде што можевме да вежбаме на PHACO апарат, на свински очи. Исто така таму ни бече одржано предавање во врска со сите апарати за PHACO и последни модели на микроскопи.



